РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржано на 30.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3013/1 од 22.06.2023 година, во која се укажува на сомневање за пречекорување на службената положба и овластувања и судир на интереси кај службено лице, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3013/1 од 22.06.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 22.06.2023 година, поднесена е пријава во која се укажува на сомневање за пречекорување на службената положба и овластувања и судир на интереси кај службено лице и оформен е предмет број 12-3013/1 од 22.06.2023 година.

Подносителот наведува дека пријавата ја поднесува против вработен во Општина ----------------, а во врска со изградба на парк за кој општината е инвеститор. Согласно наводите од пријавата, правното лице ------------------------------ со кое општината го склучила предметниот договор на 30.05.2023 година е во сопственост на сопруга на вработен во општината – ---------------------, кој е поранешен раководител на одделение за урбанизам, а сега вработен на друго работно место. Се наведува дека со истото правно лице на 04.04.2023 година, општината склучила и друг договор. Поради тоа што сопругот на сопственичката и поранешен сопственик и основач на горенаведеното правно лице е вработен во општината, а до пред некој период бил и на раководна позиција во одделението за урбанизам, според подносителот постојат основи за сомневање дека е сторена злоупотреба на службената положба и овластување од негова страна и од страна на градоначалникот и дека постои судир на интереси во конкретниот случај. Подносителот се повикува на дефиницијата за судир на интереси согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 51 став 1 од истиот закон во однос на ограничување на соработката со правни лица, како и член 67 став 1 од истиот закон во однос на злоупотреба во вршењето работи од јавен интерес. Поради наведеното, подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

бара од ДКСК да поведе постапка во смисла на член 23 став 1 и член 76 став 2 алинеја 5 од законот.

Согласно проверката на јавно достапните информации и документи на Електронскиот систем за јавни набавки од страна на ДКСК, помеѓу Општина -------------------, застапувана од Градоначалникот ---------------------------- и правно лице --------------------------, застапувано од управителот --------------------- е склучен договор на 30.05.2023 година за изградба на парк во ---------------- на посочени катастарски парцели. Дополнително, помеѓу општината и правното лице, застапувани од истите потписници, на 04.04.2022 година е склучен договор за изградба и реконструкција на тротоари, патеки, станбени улици и други јавни површини со павер елементи во општината.

Имено, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Согласно член 51 став 1 од истиот закон, службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.

Согласно цитираните одредби и утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека посочените лица во пријавата, -------------------- и неговата сопруга ------------------------------------------------, не се јавуваат како потписници на посочените договори, поради што во конкретниот случај не станува збор за повреда на одредбите за судир на интереси и ограничувања во соработката со правни лица имајќи предвид дека договорите се склучени од страна на градоначалникот на општината како службено лице. Дополнително, ДКСК констатира дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во спроведувањето на постапките за јавни набавки по кои се склучени горенаведените договори помеѓу општината и посоченото правно лице, а воедно нема можност да се обезбедат дополнителни информации за конкретизирање на наводите од пријавата имајќи предвид дека пријавата е анонимна.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател
Билјана Ивановска**